20.12.2016г.

# ОДЛУКА

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Вања Мицевска, за прилогот со наслов "ВИДЕО: Сите детали за сообраќајката во која загина 24-годишна девојка", објавен на 16.11.2016 година, на Интернет порталот на телевизија Нова (www.tvnova.mk)**

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 16.11.2016 година, Вања Мицевска поднесе жалба за прилогот со наслов "ВИДЕО: Сите детали за сообраќајката во која загина 24-годишна девојка", објавен на 16.11.2016 година, на Интернет порталот на телевизија Нова (www.tvnova.mk).

Во жалбата се наведува дека во прилогот се нарушува приватноста и има елементи на навреда.

На седницата на 29.11.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителката, направи увид во наведениот текст и видео и констатира дека во прилогот нема нарушување на приватноста и нема навреда. Прикажана е фактичка сообраќајна несреќа, без да се објавуваат детали и околности за трагедијата.

Комисијата за жалби, во исто време, ја охрабрува жалителката и во иднина да поднесува жалби до Советот за етика во медиумите доколку најде дека е нарушена новинарската етика и професионалност во кој било нареден медиумски производ.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Филип Ѓурчиновски, Теофил Блажевски, Беким Ајдини, Сефер Тахири, Гоце Герасимовски и Мери Јордановска.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mk info@semm.mk 0038923222595